# ПРИЛОГ 1 КОН ДОГОВОРОТ БР: ____/____ датум __.__.20__ година
# склучен на ден __.__.20__ година

| | |
|---|---|
| **1. ИЗБОР НА УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ** | |
| Услуга/ Пакет | **Интернет** |
| Месечна претплата | |
| Еднократен надомест | |
| Времетраење на Договор | |
| Вклучен месечен интернет сообраќај** | |
| IP адреса | |
| Промоција | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2. ПЕРФОРМАНСИ НА УСЛУГАТА** | | | | | |
| Рекламирана брзина (downlink/uplink)* | | Минимална брзина (downlink/uplink)* | | Просечна брзина (downlink/uplink)* | |

*Брзината на интернет пристапот е незагарантирана и истата може да зависи од повеќе фактори: јачината на сигналот, оддалеченоста од базната станица, бројот на корисници кои ја користат базната станица, брзината на web страницата на која се пристапува, оптовареноста на интернет мрежата, конфигурацијата на компјутерот и други фактори.
**По надминувањето на интернет сообраќајот вклучен во пакетот, брзината се намалува на 256/256 Kbps. Доколку Корисникот сака да остане на истата брзина, услугата се наплатува според наведената цена во Ценовникот на НЕОТЕЛ ДОО Скопје.

| **3. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ** | **Цена:** |
|---|---|
| | |
| | |

| **4. ПОДАТОЦИ И ВРЕДНОСТ НА ОПРЕМАТА КОЈА СЕ ИЗНАЈМУВА** | **Цена:** |
|---|---|
| Тип на уред: | |

**1. ПРЕДМЕТ НА ПРИЛОГОТ**

1.1 Предмет на овој Прилог е уредување на правата и обврските на договорните страни при избор и користење на услугите кои ги нуди Операторот и кои се попрецизно определени во овој Прилог.

1.2 Сите цени и услови поврзани со избраниот пакет на услуги се дадени во Ценовникот на Операторот кој е објавен на официјалната веб страница на Операторот.

**2. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

2.1 Со потпишување на овој Прилог, Претплатникот потврдува дека е известен за сите права и обврски согласно законските прописи, претплатничкиот договор и пропратната документација на НЕОТЕЛ и своеволно сака да ги користи услугите на НЕОТЕЛ.

**3. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОВОЈ ПРИЛОГ**

3.1 Овој Прилог стапува на сила на денот на потпишување од двете Договорни страни.

3.2 Во рок не пократок од 30 (триесет) дена, Операторот ќе го извести Претплатникот за истекот на времетраењето на Договорот.

3.3 Прилогот продолжува на неопределено време, согласно цените и условите на истиот пакет.

**4. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

4.1 Операторот се обврзува, доколку постои техничка можност кај Претплатникот, да му ја предаде или инсталира опремата на Претплатникот на адресата која Претплатникот ја навел во моментот на потпишување на Договорот;

4.2 Операторот се обврзува да врши редовно сервисирање и одржување на опремата која е инсталирана кај Претплатникот;

4.3 Операторот не одговара за прекините на услугата настанати поради дефект кој е настанат помеѓу излезниот порт на опремата на мрежната завршна точка и терминалната опрема на Претплатникот;

4.4 Операторот не одговара за непосакуван интернет сообраќај кој настанал како последица на спам, вируси, поп-ап реклами и сл;

4.5 Претпланикот се обврзува да ја инсталира опремата, согласно Упатството. Доколку неможе од било која причина да го направи истото, може да побара техничка помош од овластени лица на Операторот, со соодветен надоместок согласно официјалниот ценовник;

4.6 Претплатникот има право 24/7 да побара од Операторот да му обезбеди техничка поддршка на телефонскиот број 55 11 111, без притоа да му биде наплатен дополнителен надомест;

4.7 Претплатникот да му дозволи пристап на Операторот до опремата за инсталација, конфигурација и надградба на истата со цел за подобрување на сервисот;

4.8 Во случај на дефект, Претплатникот се обврзува да не прави обиди за поправка на опремата што би довело до оштетување на истата, да не врши преконфигурирање, да не прави измени, упади и било каква злоупотреба на истата, да се однесува како добар домакин со опремата;

4.9 Претплатникот се обврзува дека услугата ќе ја користи исклучиво за сопствени потреби, односно дека услугата нема да ја користи за цели спротивни на моралните норми и Законот и дека истата нема да ја споделува или препродава на други физички или правни лица;

**5. РАСКИНУВАЊЕ НА ОВОЈ ПРИЛОГ**

5.1 Претплатникот и Операторот можат да го раскинат Прилогот според одредбите наведени во точка 13 од Стандардниот претплатничкиот договор;

5.2 Во случај на предвремено раскинување на овој Прилог по вина на Претплатникот, истиот се обврзува да плати еднократна договорна казна (пенали) за деактивирање на услугата според пакетот на услуги кои ги користи, како и за дополнителните услуги. Висината на еднократната договорна казна (пенали) се пресметува како збир на преостанатите месечни претплати до истекот на овој Прилог.

5.3 Износот на договорната казна за деактивирање на линијата ќе биде фактуриран од страна на Операторот, а по плаќање на истиот од страна на Претплатникот, Договорот, Прилогот и Анексот ќе се сметаат за раскинати.

5.4 Во случај на раскинување на овој Прилог поради неплаќање на сметките, Претплатникот не може да се склучи нов договор пред целосно да ги подмири своите финансиски обврски кон Операторот.

**6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

6.1 Овој Прилог е составен и неодвоив дел на Стандардниот претплатнички договор склучен помеѓу Операторот и Претплатникот.

6.2 Овој Прилог е составен во 2 (два) идентични примерока од кои по 1 (еден) за секоја од договорните страни.

6.3 Се што не е предвидено во овој Прилог, ќе се применат одредбите од Стандардниот претплатнички договор и општите услови за засновање на претплатнички однос и користење на услугите на Операторот, објавени на веб страната www.neotel.com.mk и соодветни законски и подзаконски акти кои за регулираат конкретната материја.

| **ОПЕРАТОР: НЕОТЕЛ ДОО Скопје** | **ДИСТРИБУТЕР:** | **ПРЕТПЛАТНИК:** |
|---|---|---|
| За Операторот по овластување<br>Име и презиме: | За Дистрибутерот по овластување<br>Име и презиме: | |
| Функција: | Функција: | |
|  | Потпис и печат | Потпис и печат |